ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА

Број 87, Четврток, 11.4.2019

СЗПМ
Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

АКТИВНОСТИ НА СЗПМ

# Во 73 годишното постоење на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, за првпат за претседател е избрана жена



**Станка Трајкова, истакнат активист и стручњак со големо познавање на пензионерската проблематика, дипломиран правник и коавтор и автор на коментари на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и учесник во пензиските реформи, носител и автор на повеќе проекти поврзани со пензионерската популација во СЗПМ е претседател на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и воедно претседател на Извршниот одбор на СЗПМ**

На 29 март 2019 година, Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија ја одржа својата изборна седница. На почетокот на седницата му беше доделена „Сребрена плакета“ на Бесник Поцеста, досегашен претседател на собранието на СЗПМ за особен придонес во извршување на функцијата и развојот на пензионерското организирање во Македонија. Плакетата му ја врачи Драги Аргировски, претседател на СЗПМ, кој притоа рече дека му е чест што ова високо признание му го врачува на Бесник Поцеста, на човекот кој 25 години дава придонес за подобар живот на сите пензионери и кој е прв Албанец, потпретседател и претседател на собранието на СЗПМ.

Бесник Поцеста не ја криеше возбудата. Го прими признанието и се заблагодари за укажаната чест.

По овој свечен дел беа избрани работно претседателство на изборната седница на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, записничар и двајца оверувачи.

Потоа беше донесен и усвоен деловникот за работа на седницата и беа избрани членовите на верификационата и кандидатската комисија.

Откако беа верифицирани мандатите на членовите на новото собранието на СЗПМ, за претседател на собранието на СЗПМ беше избран м-р Илија Адамоски, докажан активист и досегашен член на повеќе органи и тела во СЗПМ. По неговото пригодно обраќање беа избрани членови на извршниот и на надзорниот одбор, како и на статутарната комисија на Сојузот. За нов претседател на СЗПМ и на ИО беше предложена Станка Трајкова, досегашна секретарка на ИО на СЗПМ, истакната активистка и стручњак со големо познавање во пензионерската проблематика, дипломирана правничка и авторка и коавторка на проекти поврзани со пензионерската проблематика. Таа пред делегатите ја претстави својата програма за мандатниот период 2019-2023 година.

-Почитувани членови, заради значењето на функцијата претседателка на извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, а истовремено и претседателка на Сојузот, сметам дека треба пред вас да поднесам и да презентирам програма на активности кои ќе бидат во фокусот на моето работење како претседателка на Сојузот, за мандатниот период 2019-2023 година. Историски гледано, Сојузот како граѓанска организација постои повеќе од 73 години и е една од најмасовните граѓански асоцијации со статутарен атрибут на невладина, непартиска и мултиетничка организација на пензионерите, самостојна во организирањето и остварувањето на целите, интересите и дејностите на здруженија на пензионерите во Македонија - членки на Сојузот. Во својот историски развој Сојузот има промени во организационата поставеност, но тој континуирано ги обединува и ги презентира интересите и правата на сите корисници на пензија на ниво на нашата земја. Здруженијата на пензионери доброволно се здружуваат во Сојуз, конституирајќи ги органите од нивните делегати, учествувајќи во нивната работа и на тој начин остварувајќи ги најнепосредно интересите на корисниците на пензија, членови на здруженијата, со основна премиса на самостојно дејствување на здруженијата. Денес, Сојузот има 53 членки - здруженија на пензионери, во кои членуваат 258.000 пензионери и е респектабилен субјект кога станува збор за пензионерското организирање. За да се задржи и понатаму значењето и улогата на СЗПМ како репрезентативен сојуз, во мандатниот период 2019-2023 година ќе се задржам на најбитните активности кои ќе бидат значајни во извршување на мојата функцијата претседателка на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

Прво, моја најзначајна заложба ќе биде обезбедување редовна исплата на пензиите и нивно усогласување во согласност со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, што подразбира редовно тековно и дополнително усогласување. За првата година од мојот мандат, 2019 година, со буџетот на РМ за 2019 г. како социјални трансфери се проектирани 56,4 милијарди денари наменети за исплата на пензиите. За да бидеме спокојни, со цел стабилизирање на пензискиот систем, имаме зголемување на стапката на придонесот за ПИО за 0,4 процентни поени. За наредните години будно ќе го следам и спроведувањето на сегашните реформи преточени во законски решенија со кои се решава нееднаквоста на пензиите на сегашните и идните пензионери и решавање на проблемот со нерамномерната распределба на осигурениците во двостолбниот пензиски систем, реформи кои треба да обезбедат финансиска стабилност на ФПИОМ на долг рок.

Второ, ќе се ангажирам за изградба на државни старечки и пензионерски домови со цени на сместување кои ќе одговараат на висината на македонските пензии. Крајно време е во овој мандатен период да престане инертноста на надлежните за решавање на прашањето на социјалното домување на пензионерите. Преку Советот за социјална сигурност за стари лица ни велат дека ќе се градат старечки државни домови, но треба да се има предвид фактот дека такви објекти постојат и тоа изградени со средства на пензионерите, само треба да се реновираат и адаптираат за социјално домување на пензионерите. Во мојот мандатен период ќе ги искористам и креативните предлози на наши активисти за решавање на овој проблем, како и искуството на земјите од нашето опкружување. Нема да ги заобиколам и приватните домови за кои ќе барам од надлежното министерство да врши зголемена контрола во нивното работење.

Трето, здравственото осигурување и здравствената заштита ќе бидат мое натамошно ангажирање за ослободување на пензионерите од сите видови партиципација. Сведоци сме дека од 1 јануари 2019 година, од партиципација за болничко лекување се ослободени сите пензионери чија пензија е до 14.500 денари и тоа, верувајте, како резултат на континуирано барање од претставниците на СЗПМ во Советот за социјална сигурност на стари лица тој лимит да се покачи. Следниот фокус во мојот мандат ќе биде барање за целосно ослободување од секаков вид партиципација на старите лица над 65 години, право кое порано го имале пензионерите. За оваа цел ќе биде направена компаративна анализа како ова прашање е решено во другите земји, имајќи го предвид фактот дека во согласност со Уставот, нашата земја е социјална држава. Тогаш пензионерите нема да се жалат дека најголем дел од нивната пензија оди за купување на лекови, бидејќи во нашата држава има над 73.000 корисници на најнизок износ на пензија. Здравствената заштита е моја омилена тема, бидејќи со добра здравствена заштита ќе имаме спокојна старост и затоа ќе ме радува и околноста ако се успее тоа да се подобри и во руралните средини, да се обезбедат уште геријатриски одделенија во општите болници за сместување на стари лица, кои во моментов недостигаат. Ќе се потрудам тоа да го сторам како претседателка на СЗПМ, а истовремено ќе се залагам за подостоинствен однос кон старите лица во секој поглед.

Четврто, во мандатниот период силно ќе го поддржувам секое здружение кое ќе го развива волонтерството – проект кој ќе можете да го адаптирате на вашите услови и работење, пензионерската социјална карта, проектот „Инклузија“ и други. Сите овие проекти се доставени до здруженијата, само треба да се извадат од фиока и да видат светлина. Тие се проекти на денешното време и се надевам дека ќе бидат во фокусот на здруженијата. Соработката со локалната самоуправа ќе биде моја значајна точка во работењето. Најпрво со обновување на меморандумот со ЗЕЛС и во тој контекст ќе се обидам да го решам прашањето на автобускиот превоз на пензионерите од внатрешноста кога доаѓаат во Скопје, потоа соработка и едукација на здруженијата во подготовка на апликациите како да ги користат грантовите кои ги доделува општината и друго.

Петто, според Законот за ПИОМ, Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина е организација која преку надлежниот одбор во кој членуваат претставници на сите сојузи има значајни надлежности како што е определување на висината на членарината, висината на дел од пензијата за посмртна помош, висината на самата посмртна помош, условите под кои се остварува посмртната помош и условите и начинот на распределба на членарината за која СЗПМ ја извршува административно-техничката работа. Интересот за работата на Регистрираната организација е голем кај здруженијата, бидејќи последна дата на ажурирани податоци за членството на здруженијата е за 2015 година, а сега сме 2019 година. Тоа значи дека јас со целиот мој капацитет, а во соработка со ФПИОМ, ќе направам сè Фондот да ни доставува ажурирани податоци кои вие постојано ги побарувате, што не беше случај во последните 3-4 години. Исто така, ќе се ангажирам Регистрираната организација да работи транспарентно и отворено, а донесените одлуки и решенија да најдат место и во весникот „Пензионер плус“ и на нашата веб-страница. Здруженијата тоа го бараат и заслужуваат да го добијат.

Шесто, мојата ангажираност заедно со работните тела ќе биде и во натамошно негување на традиционалните активности (спортските, културните), но и тие ќе се анализираат и унапредат заедно со мислењето на здруженијата, на работни состаноци или преку прашалници во кои ќе бидат изнесени нивните мислења. Во мандатниот период 2019-2023 година верувам во позасилен развој на социјално-хуманитарната дејност со помош на координативното тело на Активите на пензионерки. Активите на пензионерки ќе бидат вклучени во скоро сите активности во здруженијата. Особено ќе биде нагласено помагањето на стари и осамени пензионери во разграноците. Овие обврски се утврдени во многу статути на здруженијата, а тоа го предвиделе и нашите колеги многу години пред нас.

Седмо, во фокусот на моето работење ќе биде поддршката на помалите здруженија врз основа на утврдени мерила и критериуми како би можеле и тие непречено да ги извршуваат своите активности. Мојата поддршка кон помалите здруженија би била и тие да добијат простор на нашата веб-страница со цел презентирање на јавноста кое е тоа здружение и кои се неговите активности.

Осмо, во мојот мандатен период ќе ја обновам и засилам соработката со Црвениот крст и со други граѓански организации и ќе настојувам да се гради меѓусебна соработка и поддршка меѓу здруженијата со заемно почитување и разбирање, ќе работам чесно како и досега, со цел здруженијата и Сојузот да стануваат сè повеќе и повеќе угледни субјекти во средината каде што дејствуваат. Сето ова ќе го постигнеме заедно. Ви благодарам на довербата - истакна во своето обраќање Станка Трајкова.

По нејзиното обраќање, Станка Трајкова беше избрана со аплауз едногласно за претседателка на СЗПМ и на ИО на Сојузот. Таа е прва претседателка жена во 73-годишното постоење на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

Избрани се новите раководства на Сојузот за период од четири години. Следува работа и ангажирање на сите полиња и во сите сегменти за квалитетен и достоинствен живот на пензионерите.





Калина С. Андонова

ДЕВЕТТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СЗПМ

# Постигнатите резултати се благодарение на залагањата на сите








Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на 19 март 2019 година одржа седница со отчет, но и со свечен карактер, затоа што му беше доделена „Златна плакета“ на претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, за придонес во развојот на пензионерското организирање.

Почитувани присутни, извршниот одбор на СЗПМ на својата 22 седница одржана на 5 март 2019 година донесе одлука на претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, да му се додели признание „Златна плакета“ за неговиот придонес во развојот на пензионерското организирање во Македонија и активностите на Сојузот. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, во изминатата деценија врвејќи по патот на успехот ги постигна своите најдобри резултати во 72-годишната историја. За тоа особен придонес има претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, заедно со раководството на СЗПМ и секој поединец-член на Сојузот. Признанието „Златна плакета“ е благодарност и почит за сето она што Аргировски го направи за СЗПМ и за целокупното членство. Чест ми е и задоволство на почитуваниот претседател Аргировски да му го врачам признанието и воедно да му го честитам 80-от роденден и 60 години активно новинарство - истакна Бесник Поцеста.

Заблагодарувајќи се, претседателот Аргировски видно возбуден истакна дека ова највисоко признание кое му го доделува Сојузот претставува потврда дека сè што правел за Сојузот и за сите пензионери во Македонија добило своја верификација.

Низ годините моите залагања имаа само една цел: подобар, посодржаен и поорганизиран живот на луѓето од третата животна доба кај нас и пошироко. Се разбира дека моите постигнувања се и ваши, заеднички се. Горд сум што вградувајќи се себе во работата и активностите на Сојузот сум изградил солидна платформа и материјална подлога за полесно работење на новите раководства и на новите генерации пензионери. Ќе има нови проекти, особено со напредокот на нашата земја кон Европа. Се надевам дека проектите „Балканска фолклорна ревија“ и „Балканска спортска олимпијада“ ќе се реализираат. Ви благодарам на почитта и соработката на сите, драги соработници и пријатели. Посебна благодарност и до мојот прв и добар соработник Бесник Поцеста, претседателот на собранието на СЗПМ. Долги години соработувавме и како резултат на тоа станавме и пријатели, а пријателството е нешто што се чува, што ни ја полни душата и тешко се создава, а лесно се губи. Бесник Поцеста е еден од оние луѓе кој е верен и лојален и како соработник, но и како пријател, а таквите луѓе се ретки. Посебно ми е драго што ова високо признание во ваше име ми го врачува токму тој, човекот кој 25 години дава придонес за подобар живот на сите пензионери – рече, меѓу другото, Аргировски.

Потоа обраќање имаше претседателот на собранието на СЗПМ, Бесник Поцеста, кој им се заблагодари на присутните за одличната соработка.

Во изминатите години, во кои јас бев прв Албанец претседател на собранието на СЗПМ, можам со задоволство да истакнам дека соработката со вас беше на незавидно ниво. Сите програмски цели и задачи беа успешно извршени. Посебно сакам да го истакнам нашиот соживот и меѓународната соработка. Како мои проекти сакам да ги истакнам страницата на албански јазик во „Пензионер плус“ и написите за пензионери во весникот „КОХА“. Во текот на целиот овој период како претседател на собранието на СЗПМ сум бил вклучен во сите активности на Сојузот, особено во воспоставената меѓународна соработка со Сојузи на пензионери од Словенија, Србија, Хрватска, Албанија, Бугарија и сега во оваа година и со пензионерите на Косово, додека од Конфедерацијата на пензионери од Поградец, Република Албанија, прогласен сум за почесен член на нивната асоцијација. Посебно ми е драга, покрај голем број примени благодарници за моите активности во СЗПМ, доделената плакета за истакнати активности како претседател на собранието, по повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија во 2016 година. Работевме сите заедно и затоа имаме резултати за почит. Се надевам така ќе биде и понатаму и тоа најискрено и од срце го посакувам. Благодарен сум што имам добро здравје и живот на 86 години, што сè уште сум активен, полни 65 години. Благодарен сум и на моето семејство, мојата покојна брачна другарка и на нашите деца за разбирањето во врска со моите активности. Жалам што ќе се разделам од сите вас, но мислам дека беше доста. Време е да ме замени некој друг на кого му посакувам многу успех во работата – истакна Поцеста.

Во вториот, работниот дел од седницата, предлог-извештајот на Сојузот за 2018 година го образложи Салтир Каровски, потпретседател на ИО на СЗПМ.

Сите активности поместени во програмата за работа на телата и органите на СЗПМ за 2018 година успешно се реализирани благодарение на залагањето на раководствата на сите нивоа, но и на секој поединец-пензионер – рече Каровски.

За предлог-годишниот извештај за остварените приходи и извршените расходи, со предлог-одлука за усвојување на годишната сметка за деловната 2018 година со извештај на НО на СЗПМ воведно излагање имаше Митре Стојановски, претседател на НО на СЗПМ, кој истакна дека според приложениот финансиски извештај, анализата на систематски прикажаните приходи и расходи покажува дека СЗПМ работел според законите и усвоената програма и финансискиот план за 2018 година. Финансискиот извештај е насока и за натамошно организирање на традиционалните активности, но и на воведување нови. По дискусиите кои следеа по овие важни документи, истите беа усвоени заедно со дадените забелешки. На седницата беше усвоена и предлог-одлуката за завршната сметка на Сојузот за 2018 година, со заклучок истата да биде објавена во весникот „Пензионер плус“ и на веб-страницата на СЗПМ. На седницата беше предложено претседателот Бесник Поцеста да добие „Сребрена плакета“ за неговиот севкупен придонес во пензионерското организирање, што беше едногласно прифатено. Оваа седница беше последна со овој состав на членови. Новото собрание на СЗПМ се одржа на 29 март 2019 година.

**Калина С. Андонова**

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СЗПМ

# Долгогодишната соработка се интензивира



На 13 март 2019 година, делегација на пензионерите на Р Словенија, ЗДУС, во состав: Марјан Шифтар и Андреј Јус, претседатели на програмскиот совет на Фестивалот за трета животна доба, Јанез Левец и Мелита Ремшкар - директори на организацијата „Превент“, Тихомир Ковачич, извршен директор на „Проевент“ и Вања Ситар, раководител на проектот „Фестивал за трета животна доба“ беа во посета на СЗПМ. Во просториите на Сојузот, делегацијата ја прими претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, а на седницата присуствуваа: Бесник Поцеста, претседател на собранието на СЗПМ, Салтир Каровски, потпретседател на ИО на СЗПМ, Станка Трајкова, секретарка на ИО на СЗПМ и Калина С. Андонова, претседателка на комисијата за информирање во Сојузот. На присутните прв им се обрати и им посака топло добредојде претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски.

Со Сојузот на пензионери на Словенија соработуваме веќе 10 години. Тоа е своевиден јубилеј на нашата соработка која прерасна во вистинско и искрено пријателство. Во изминатите години, раководствата на двата сојуза работеа на задоволување на интересите на пензионерите во двете земји. Најинтензивна беше соработката на културен план преку учеството на здруженијата-членки на СЗПМ на Меѓународниот фолклорен фестивал за трета животна доба. ЗДУС ни помагаше во секој поглед и на сите нивоа. Благодарение на тоа, здруженијата и пензионерите од нашата земја го афирмираа нашето културно богатство во Р. Словенија и пошироко, бидејќи на овој престижен фестивал присуствуваат повеќе земји од Балканот, но и од Европа. Се надеваме на поинтензивна соработка во иднина, а особено на нивна поддршка и помош во реализирање на нашата идеја за одржување Балканска фолклорна ревија во Скопје - истакна Аргировски.

Потоа, тој ги запозна членовите на делегацијата со активностите на Сојузот во изминатиот период.

Заблагодарувајќи се на топлото добредојде и прием, господинот Марјан Шифтар рече дека сака да ги пренесе поздравите на сите оние кои сакаа да дојдат во Македонија, а кои од оправдани и објективни причини не дојдоа. Исто така, господинот Шифтар рече дека ја користи оваа пригода да го истакне задоволството што се среќава со сите долгогодишни соработници и пријатели. Десет години не е мал период. Учеството на Фестивалот за трета животна доба секогаш било забележително и убаво. Тој истакна дека и во иднина ќе нè помагаат на секој план во границите на нивните можности.

Потоа тој зборуваше за активностите на словенечките пензионери, кои ги има над 600.000, за одмрзнување на пензиите кои околу 4 години биле замрзнати, потенцирајќи дека соработката треба да се прошири со други содржини и форми, со организирање посети и екскурзии меѓу пензионерите и друго.

**К. С. Андонова.**

# Изборни активности во здруженијата-членки на СЗПМ


Ѓорче Петров


Чаир


Македонски Брод


Кисела Вода


Кичево


Кратово


Струга

Оваа 2019 година е изборна за Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија. Се избраа нови органи и тела речиси во сите 53 здруженија-членки на Сојузот кои ќе раководат во наредните 4 години. Досегашните органи и тела поднесоа извештаи за досегашната работа и постигнатите резултати. На седниците беше истакнато дека само организиран живот ја издига свеста за достоинствено и активно стареење. Од дискусиите се издвоија неколку значајни барања како: зголемување на пензиите; изградба на здравствена поликлиника; изградба на пензионерски дом; поставување повеќе лекови на позитивните листи и подобро снабдување на аптеките со лекови; соработка со разграноците на пензионери од други градови и надвор од републиката; повеќе еднодневни екскурзии низ нашата земја и друго.

Во ЗП-Кисела Вода пензионерите покажаа голем интерес за изборните собранија, каде што имаше богата дискусија. Тие истакнаа дека организираните патувања, излети, екскурзии и други облици на целодневно дружење имаат големо позитивно влијание заради можноста за меѓусебни подолготрајни разговори, нови познанства и пријателства, чист воздух и уживање во убавините на природата. Дискусиите по клубовите покажуваат дека пензионерите сакаат да знаат што се случува околу нив и да учествуваат во решавање на проблемите што ги носи секојдневниот живот. Решавањето на овие и многу други проблеми ќе биде патоказ за идната работа на новоизбраниот претседател на собранието, Јован Кирковиќ, како и на Момчило Петровиќ, претседател на извршниот одбор, кој е, воедно, и претседател на здружението, како и на новите органи и тела.

На 6 март 2019 година, собранието на ЗП-Тафталиџе одржа изборна конститутивна седница. За претседател на извршниот одбор и на здружението повторно беше избран Димитрије Димовски, кој и досега беше на чело на здружението и успешно го водеше во интерес на членовите.

На 22 март 2019 година, ЗП-Чаир ја одржа својата конститутивна седница на собранието. По утврдувањето на изборните документи, кандидатската комисија за претседател на собранието го предложи Рауф Хамиди, а делегатите едногласно го избраа. Собранието во новиот состав избра членови на НО и на статутарната комисија. По завршувањето на седницата на собранието, конститутивна седница одржа ИО во новиот состав и повторно за претседател едногласно беше избран Ментор Ќоку, а за секретарка Иванка Сечковска.

ЗП-Ѓорче Петров, на 13.03.2019 година ја одржа конститутивната седница на која беше верификуван мандатот на членовите на собранието и на членовите на органите и телата на здружението. За претседател на собранието беше избран Крсте Златевски. За претседател на ИО, кој истовремено е и претседател на здружението, едногласно беше избран Воислав Ристовски, а за секретар Љубинко Ристов.

Деновиве се одржа редовното изборно собрание и на ЗП-Кичево. За претседател на собранието за наредните четири години беше избран Мехмед Мехмеди. Потоа беа избрани 11 члена за ИО, по еден претставник од секој разгранок, три члена за НО и 3 члена на комисијата за статутарни прашања. Избраниот ИО ја одржа и првата седница на која за претседател на ИО на ЗП-Кичево едногласно е избран Душан Ристоски, а за секретар Добре Лазарески.

Собранието на ЗП-Струга ја одржа првата седница во нов состав со новоизбраните 31 член на собранието, за период од 4 години, односно 2019-2023 година. За претседател на собранието и воедно и претседател на ИО беше избран Милорад Трпоски, а за секретар Изеир Мустафаи.

На 7 март 2019 година се одржа конститутивна седница на новото собрание при ЗП-Македонски Брод. За претседател на здружението и на ИО одново едногласно е избран Илија Лазески, за секретар Венче Кузманоски.

Н 27 март 2019 година, ЗП-Солидарност-Аеродром одржа изборна седница на која за претседател на ИО и на здружението беше избран Димитрија Богатиноски, а за претседател на собранието Тодор Тодоровски.

ЗП-Струмица одржа изборна седница на која за претседател на ИО и на здружението повторно е избрана Данче Даскаловска.

**Од дописниците на СЗПМ**

ЗП-СОЛИДАРНОСТ АЕРОДРОМ

# Монографијата е траен белег за постоењето




Здружението на пензионери Солидарност-Аеродром од Скопје се вбројува меѓу најдобрите здруженија во државата, кое брои 12.100 пензионери.

Јубилејот - 10 години од своето постоење беше свечено одбележан со промоција на монографијата „Активности, резултати, спомени", на 22 март 2019 година, подготвена и уредена од Калина Сливовска-Андонова и од Илија Глигоров. Клубот на здружението беше исполнет до последното место, а гостите и присутните ги поздрави Димитрија Богатиноски, претседател на ЗП-Солидарност-Аеродром, кое е и издавач на трудот.

Монографијата ги има атрибутите на монографска публикација, но во неа покрај текстови се поместени и голем број фотографии, па затоа таа добива уште еден епитет - фотомонографија, и е идеална можност да се потсетиме на одредени активности и резултати и да си спомнеме за убавите нешта кои будат спомени. Во неа има многу податоци за нашето здружение кои се траен белег за нашите активности и резултати – рече Богатиноски.

Во искажувањето за оваа една и единствена книга, рецензентот Васил Тоциновски нагласи дека тоа е дело за почит во кое на едно место авторите низ макотрпно и системско проучување собрале сè што здружението во периодот од 2009 до 2019 година работело, создавало и придонесувало за подобар и активен живот на пензионерите.

Претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, им се обрати на присутните истакнувајќи дека успехот на ЗП-Солидарност-Аеродром е резултат на долгорочна програма и стратегија за подобрување на квалитетот на општествениот живот на пензионерите и во мерките за активно и здраво стареење во општината. Трајно останува само она што е запишано, нагласи Аргировски, а работата и резултатите се единствена мера за човекот. Здружението има седум клуба и активностите се остваруваат во пет секции. Трагајќи по нивните резултати и работа, грижливо собирајќи ги пишаните и фотодокументите, авторите на овој труд, Калина Сливовска-Андонова и Илија Глигоров го изразија своето задоволство од сработеното и уверување дека монографијата како документ за самопрегорното креативно дејствување на припадниците од третата доба е подарок за идните генерации и времиња.

В. Т.





# Над 2.000 гости, учесници и посетители на „Бабиниот зелник“ во Пробиштип

Почетокот на пролетта, 23 март, пробиштипјани го одбележаа со бабините зелници, баници, пити, тиганици, татлии и уште многу други специјалитети од тесто што ги подготвија вредните учеснички, баби, пензионерки и помлади учеснички. На овој ден Пробиштип живее во знакот на зелникот. Годинава, осма по ред, манифестацијата „Зелникот на баба“ по бројот на учесниците и зелниците ги надмина сите досегашни. Можеби предизвик беа новите содржини што ги воведе организаторот, а во прилог на сѐ беше и прекрасниот пролетен ден. На градскиот плоштад немаше каде да се застане, а преполни беа и улиците околу него.

Настапија 29 здруженија, меѓу кои пензионери, организации на жени и туристички агенции. Само да потсетам дека покрај директните учеснички во „Зелникот на баба“ допатуваа и многу туристи: од Бугарија дојдоа пет автобуси со туристи, од соседна Србија еден, од Македонија имаше гости од Скопје, Неготино, Велес, Берово и од други места. Сите дојдоа со една цел, да го вкусат овој прекрасен специјалитет, но и да ги посетат значајните места во општината, а во прв ред Лесновски манастир.

На поставените штандови беа аранжирани над илјада подзаборавени стари мајстории од тесто научени од мајките и бабите. Масите беа која од која поубаво и повкусно декорирани во етностил, со што му дадоа нова светлина на целиот простор. Сите тие мамеа со својата убавина и вкус, но да не ја заборавиме и турската татлија која за прв пат беше донесена од Куманово, а која ги сврти вниманието и љубопитноста на посетителите на овој несекојдневен и незаборавен настан. Голем предизвик беа и новините што организаторот, општината Пробиштип, ги воведе годинава. Тука беше натпреварот во брзо сукање и умешно подготвување на зелниците. Се натпреваруваа шест пензионерки, колку што и дозволуваше просторот. Меѓу нив имаше од Македонија, Бугарија и Србија, но најбрза и највешта беше Вера Котеска од Новаци, Битолско, која го освои првото место. Таа за неполн час направи готов зелник. Се избираше и најоригинално декорирана маса уредена во етностил. Оваа награда им припадна на гостите од Алексинац, Србија. Едукативната работилница која ја водеше Славица Петрова од КУД „Весели пензионери“ од Пробиштип имаше за цел да ги поттикне и да ги научи младите дечиња на околу 10-15 години како се меси, како се сука, како се подготвува зелник. Во наредната година може да се случи и некоја од нив да биде дел од манифестацијата.

Месењето, сукањето и печењето зелник на самиот плоштад беше една од најатрактивните активности. Пензионерките од КУД „Весели пензионери“, Драгица Петрова и Станика Николовска, со своите помошнички од Пробиштип и Злетово за неполн час успеаја да исучат по еден зелник и да го испечат под вршник. Посетителите внимателно го гледаа целиот процес, а потоа и се засладија од истите. Од самиот почеток манифестацијата има хуманитарен карактер. Собраните средства од продажбата на производите се наменети во хуманитарни цели. Да потсетам дека пред да почне продажбата на она што беше изложено на штандовите, градоначалникот на општината Пробиштип, Драган Анастасов, заедно со организаторот на манифестацијата, Радослав Илиевски, ги посетија сите штандови воодушевувајќи се од женската креативност. Нивна цел беше и да се избере најубаво декорирана маса.

Инаку, за цело време додека траеше манифестацијата на сцената се случуваше културно-забавен дел. Настапија изворниот оркестар на КУД „Весели пензионер“ при ЗП-Пробиштип, балетското студио „Магија“ при Домот на културата од градот, естрадните уметнички Ирена Спасовска и Даниела Темелковска и музичката група „Еуфорија“.

По завршување на манифестацијата, дружењето на учесниците продолжи во хотелот „Сан Нико“, каде што беа доделени наградите, а преостанатите групи добија благодарници за учество.

**М. Здравковска**

ЗП-ШТИП

# Промовирана монографијата од Зинка Трендовска



Во НУ-УБ „Гоце Делчев“ во Штип, на 16.3.2019 година, пред присутните пензионери, пријатели, роднини и колеги, и секретарот на ЗП-Штип, Димитар Јаковлев, беше промовирана монографијата „Православна жена“ од Лазаринка Трендовска-Зинка. Директорката Блага Спиридонова од името на библиотеката ги поздрави присутните, им го честита празникот Тодорица, а на авторката и посака уште многу дела. Извадоци од монографијата читаа Ана Манева и Соња Пилатова, модераторка на настанот беше Вилма Јованова, а промоцијата со штипски песни ја збогати хорот „Штипјани“. Рецензентот Иван Котев ги истакна топлите лирски спомени на тивката Зинка Трендовска, за мајката како алфа и омега на животот. Инаку, авторката на книгата започнува со пишување поезија, а подоцна се впушта во водите на прозата, поточно ја пишува монографијата за нејзиниот татко Трајко Трендовски. Ова е нејзина втора монографијата со наслов „Православна жена“, посветена на нејзината мајка Драгица Трендовска, која оставила голем печат во нејзиниот живот како позитивна личност која се вложила во семејниот живот и која поради тоа ја ценат и роднините и пријателите. Авторката не се потпира само на сеќавања, туку црпи материјал и од музејот и црквата од Штип и од други места. Поткрепена со фотографии и звучни записи промоцијата беше повеќе од впечатлива. На промоцијата, Зинка им се заблагодари на присутните и на сите кои дадоа придонес во оваа монографија.

Мојата мајка остави голем печат во мојот живот, а децата кои растат со баби и дедовци носат голем потенцијал за творење. Баба ми често велеше: „И ние не сме тиква без корен“.

Лазаринка Трендовска-Зинка го носи името на баба си, родена е во револуционерното Ново Село, Штип, а раното детство го поминала под сенките на јаворот, на чардакот, во дворот со бунар од семејната куќа. Подоцна се преселуваат во Скопје, каде што завршила основно, средно образование и Економски факултет, пее во хор, настапува на литературни манифестации, има добиено повеќе признанија и награди.

**Ц. Спасикова**

ЗП-ПРИЛЕП

# Пембе го црта Прилеп додека се одмора





Жителите на Прилеп и граѓаните од повеќе градови во Македонија од пред дваесетина години го паметат сликарот-самоук Ѓорѓи Ачески кој ја црташе старата архитектура не само на родниот град, туку и на Охрид, Кратово, Скопје, Битола и др. Карактеристично беше што тој црташе со туш и со чепкалка за заби. Но тоа е веќе минато, Аче одамна веќе не е меѓу нас. Но Прилеп не би бил Прилеп ако нема кој да ја продолжи традицијата.

Во 1951 година се родил уште еден љубител на цртежот. Некои велат дека тој е продолжение на она што го започна Ачески, дури и подобар од него. Години station наназад, со цртеж и со пастел и на речиси иста тема за зачувувањето на старата архитектура на градот под Маркови кули работи - црта Атанас Ристески-Пембе. Пембе е препознатлив во Прилеп по тоа што негови цртежи, слики во масло и портрети има во многу семејни куќи, посебно во угостителски дуќани. Тој цртал уште од млади години, цртал и во гимназиските денови, а потоа и на Градежниот факултет како студент. Покрај што сликал, Пембе како докажан архитект има остварено и многу проекти на индивидуални куќи не само во Прилеп туку и пошироко во Македонија. Проектирал и деловни хали за производство. За одбележување се и копроектираните објекти како што се во Битолската чаршија, потоа фасадата на „Македонија табак“ во Скопје и др. Бил копроектант и на плоштадот „Бан Јелачиќ“ во Загреб, на повеќе згради во Скопје и во Прилеп. Тој и додека работеше твореше, црташе, а тоа го прави и сега како пензионер. Како што вели, цртањето го одмора, му чини задоволство. За да нацрта цртеж, слика во масло или портрет, потребна му е работа од неколку дена. Со посебна желба и страст, внесен во работата се сеќава на портретот на првиот претседател на независна Македонија, Киро Глигоров, што му го подарил при неговата посета во Прилеп. По порачка од директорите во Тутунскиот комбинат нацртал портрет на Патрик Шејли, сопственик на фирмата за цигари „ХБ“. Сега работи на портрет на премиерот Зоран Заев.

Не знам колку слики сум насликал со тематика од старата архитектура на Прилеп, особено Старата чаршија. Не знам каде сѐ нема мои цртежи и слики. Цртав по порачка за нашинци во Америка, Австралија, Канада, Европа, Лондон, во поранешните републики на Југославија, насекаде. Досега сум изложувал на четири самостојни изложби, две во Скопје и по една во Битола и Прилеп. Во подготовка е моја изложба што ќе биде отворена во Загреб во заедничка организација со Македонско-хрватското друштво за пријателство. Треба љубов за да се нацрта еден реален цртеж, а тоа за мене значи и одмор и задоволство особено сега кога сум пензионер. Цртежот бара постојана посветеност и работа, тоа му доаѓа и како занает, без работа, без вежбање нема ништо. Се пробав и во цртање на карикатури, но заради одредени околности се откажав - се жали, а истовремено и се теши Пембе.

**К. Ристески**

ЗП-СВЕТИ НИКОЛЕ

# Изложба на ракотворби



Нашето културно и традиционално богатство се негува и чува од заборав преку ора, песни, обичаи, но и преку традиционалните ракотворби. Најчесто носители на негување и зачувување на ракотворбите се жените, а особено пензионерките.

Оваа година, домот на културата „Крсте Мисирков“ слави јубилеј, 50 години од постоењето. Во таа чест, во март, Домот организираше програма наречена „Жените и творештвото“. Една од тие активности беше изложба на ракотворби од нашите сограѓанки, но активности ќе има во текот на целата година. На изложбата учествуваа повеќе припаднички на понежниот пол, меѓу кои и голем број пензионерки. Така, на едно место се најдоа творци-жени речиси од сите генерации. Посетеноста на изложбата беше голема, а посетителите од сите возрасти уживаа и во изложените експонати, но и во богатите музички изведби на Народниот оркестар и на женската пејачка група „Камелија“ при Домот на култура.

Највозрасната меѓу пензионерките, Василија Мутева, се претстави со мал дел од своите везени прекривки, чаршафи, перничиња. Таа традиционалните бои на македонскиот вез ги пренесува и на дел од гардеробата како моден детаљ. Се надева дека оваа изложба ќе биде поттик помладите сограѓанки да ракотворат. Љубовта кон убавината на везењето ја наследила од баба и, од мајка и и од тетка и.

Лилјана Панева е модна креаторка која студиите по модна креација ги завршила во Загреб. Во текот на работата како модна креаторка создала модни колекции за Русија, Франција итн. Во пензионерските денови креативноста и љубовта кон уметноста не згаснале во неа, напротив се проширила на повеќе начини на творештво. Таа и како пензионерка слика во разни техники, прави прекрасни украси и многу други работи, а сето тоа можеше да се види на изложбата.

Кај Мирјана Ивановска љубовта кон ракотворбите се јавува во детските денови, и континуирано се развива. Со пензионирањето уште повеќе твори, создава украси и накит. Учествувала на повеќе работилници за ракотворби во земјата и надвор од неа. Креативноста ја пренела и на своите деца. На изложбата се претстави со убав избор од своето творештво.

Веса Стефанова, поранешна службеничка во „МИК-Св.Николе“, пензионерските денови ги исполнува создавајќи преубави предмети со плетење, везење и шиење. Таа изработува минијатурни животни и кукли од конец, прави интересен накит и друго. Посетителите на изложбата се восхитуваа на нејзините изработки, а особено на вазните и скулптурите изработени од гипс.

На сите присутни им беше задоволство што беа дел од овој настан.

**В. Петрушева**

ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат: Калина С. Андонова од СЗПМ

Александар Димковски и Јадранка Ковјаниќ од „Нова Македонија“